**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА**

**20ти февруари, 2009 година**

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД ја имаше честа како свој гостин предавач да ја има д-р Барбара Колм директор на Хајек Институтот, од Виена Австрија.
Д-р Барбара Колм е една од најпознатите бизнис консултанти и како таква е истакнат член на Одборот за бизнис консултанти на Австриската Стопанска комора, одговорна за нови пазарни пристапи и прашања, како и член на Монт Пелерин општеството и Претседател на Европскиот центар за економски развој.
Д-р Барбара Колм е еден од најголемите промотори на слободната економија во Австрија. Како истакнат професор и експерт е чест гостин на меѓународни конференции, универзитетски предавања, јавни предавања на за дерегулација и конкурентност.

Институтот Фридрих Август Фон Хајек во интерес на поголема информативност, како и логички анализи за спектар јавни политички дебати, финансира и публикува академски студии и истражувања. Хајек Институтот е издавач на познатата серија книги „Меѓународната библиотека на австриската економија“.
Дел од темите на кои д-р Барбара Колм има предавано и претседавано се:

- „Буџетот на ЕУ: изборите во Ирска и влијанијата врз уставот“
- „Конкурентноста е значајна“ – „Зошто некои индивидуалци/компании/нации се по успешни од некои други“
- „Маркетинг, буџет и контрола“
- „Подобри регулативи, правните и општествените аспекти на регулативата“

Д-р Барбара Колм е првиот меѓународен професор кој го започна семестарот на Универзитетот Американ Колеџ на Меѓународната образовна програма. Д-р Колм предаваше за австриската школа за економијата, значењето во минатото и денес. Д-р Колм заедно со студентите разви интересни дискусии за актуелни теми како што се глобалната криза, правата на сопственост, воедно и направи кратка анализа за индексот на слобода во светот, објавен од Херитиџ Фондацијата.

*  *  *

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk